# МИСИОНСКИ
## ПРОПОВЕДИ





ПРВО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2018

*Сабота, 6 јануари 2018*

## ЦРКВАТА И МИСИЈАТА

Основната задача што им била оставена на апостолите е да проповедат и да поучуваат. Апостолите формирале цркви - институции кои имале мисиолошки карактер, а не само да служат како клуб за дружење. Главна улога на црквата е во секој нејзин момент да се препознава нејзината мисија.

Оваа проповед има за цел да одговори на прашањата: што е црква и која е нејзината улога? Исто така, се однесува и на проблемот во врска со местото на црквата во општеството и начинот на кој тој може да се поправи за нејзината мисиолошка улога да биде попрепознатлива.

**Црквата и нејзината улога**

За да ја разбереме улогата на црквата, потребно е да го образложиме семантичкото значење на зборот црква. Еклесиа потекнува од грчките изрази ек - што значи издвоен од нешто, и калео - повикува, а самиот збор значи издвоен „од“.

Според Новиот завет зборот црква има неколку различни значења.

На пример: таа може да означува група луѓе кои се повикани заедно заради одредена цел, заедница на верници на одредено подрачје или целокупниот Божји народ без оглед на просторот и времето во кое живее.

Црквата во Библијата никогаш не означува градба и не упатува на една гранка на христијанството наспроти друга. Во Новиот завет членовите на црквата се претставени и со некои метафори: свети, верни и слуги. И самата црква исто така е претставена со метафори: царство, храм, домаќинство, лозје, стадо итн. Меѓутоа, од сите овие описи на црквата два описа се посебно значајни:

а) Божји народ

б) Христово тело

Првиот израз се однесува на местото на црквата во историјата,

додека другиот го истакнува односот кои постои меѓу Христа и црквата. Овие изрази укажуваат на тоа дека црквата не е само една група луѓе кои се соединиле заради заеднички искуства без оглед на тоа колку се тие значајни. Ниту, пак, таа постои за првенствено да го слави своето постоење, колку и да се чини тоа потребно.

**Црквата егзистира за да направи нешто**

Основна улога на црквата е да го продолжи Христовото дело, зашто неговата служба не е завршена со неговата смрт и воскресение. Впрочем, таа тука почнала. Таа служба продолжува во заедницата што ја основал Тој. Имајќи ја предвид водечката тема, улогата на црквата е да му ја изнесе на светот сеопфатноста на Божјиот суверенитет.

Црквата на два начина сведочи во прилог на Божјото владеење: со прокламација и демонстрација. Таа пренесува одредена порака од Бога, кажува кој е Бог, го опишува неговиот карактер и објаснува што сторил тој за човечкиот род.

Покрај тоа, црквата ја претставува вистината на својата порака со здружено дејствување. Основната порака на христијанската црква е дека Бог во Исуса Христа им осигурал спасение на сите луѓе. Оваа Божја постапка ги осведочува човечките суштества за Божјата љубов и грижа за нив, и истовремено ја нагласува неговата голема желба да оствари блиско и лично пријателство со нив. Оваа порака содржи една исклучителна карактеристика, имено христијаните тврдат дека спасението е можно само во Исуса Христа. Според тоа, основната задача на црквата се темели врз единственото Божјо дело преку Исуса Христа. Мисионската задача на христијанската црква упатува на тоа колку е важно Божјите дела да му бидат објавени на овој свет. За да се исполни таа намера луѓето мора да слушнат за тоа и да одговорат на тој повик. Единствено на тој начин може да се оствари пријателство меѓу Бога и човекот. И токму поради тоа, налогот да се проповеда евангелието, е толку многу нагласен во Новиот завет. Подрачјето на дејствување на христијанската црква е универзално, а за тоа сведочи и

стихот: „Видов и друг ангел како лета сред небото, кој имаше вечно евангелие за да им го проповеда на жителите на земјата, на секој народ, племе, јазик и род“ (Откровение 14,6). За нас е важно да не заборавиме дека задача на црквата е интензивирање и сеопфатност. За ова да биде исполнето, важно е да се посвети особено внимание на начинот на кој се изнесува Евангелието. Црквата мора да стори нешто за тоа да биде што поприфатливо, односно, улогата на црквата да биде што поефикасна.

Со други зборови, контекстуализацијата на црквата подразбира употреба на таков начин на проповедање на евангелието со кој црквата најефикасно ќе ја исполни нејзината улога.

**Контекстуализацијата на црквата и нејзината порака**

Контекстуализацијата содржи две карактеристики. Прво, таа подразбира дека при самото изнесување на евангелието мора да се земат предвид приликите во кои се наоѓаат луѓето до кои тоа е упатено. На пример, начинот на сведочење што христијанинот ќе го употреби кога се обраќа до професор ќе биде поинаков од пригодата кога му сведочи, на пример, на сезонски работник. Основната содржина на пораката е иста, меѓутоа, начинот на кој таа ќе биде пренесена ќе варира зависно од слушателот. Мора да обратиме особено внимание кога евангелието се пренесува од една култура во друга. Постојат облици на комуникација препознатливи во одредена општествена средина, додека во друга истата комуникација може да се смета за претерана или скудна. Исто како што одредени методи на евангелизирање можат во еден историски пресек да бидат успешни, а во друг да бидат безуспешни.

Мисионска задача на црквата е да го прошири Божјото царство на светот. Таа опфаќа заедништво на луѓе кои го признаваат Божјиот авторитет и начинот на кој се спроведува неговата волја за човечкиот род - каде што наоѓаме обновување и помирување. Исто така, врз основа на библиската вистина, за Бога, кој ги создал сите човечки суштества според својот лик, дознаваме дека Божјото владеење не е детерминистичко или тоталитарно. Бог го дели својот суверенитет со нас луѓето. Тој ни дозволува активно да учествуваме во Неговото дело. Тој ни дозволува да учествуваме во об-

ликувањето на животот на црквата.

Контекстуализацијата на црквата, во поглед на нејзината мисиолошка улога, подразбира прилагодување на верниците кон приликите во кои се наоѓаат луѓето со кои треба да воспостават врска.

Контекстуализацијата на црковните мисиолошки активности значи дека не треба да се дозволи културните обележја на еден народ да му се наметнат на друг. На пример, да се стане христијанин, не е услов тој да носи бела кошула со вратоврска или да ѕида молитвени домови исклучиво со цигла наместо од дрво и трска.

Понекогаш таквите видови нетолеранција стануваат пречка за мисиолошката активност на црквата. Активноста на црквата подразбира и кодекс на однесување кој настанал со промената што ја носи со себе евангелието, меѓутоа некои општествени норми, кои се разликуваат од една до друга култура, не можат да се сместат на исто ниво.

Неподготвеноста на црквата својата мисиолошка активност да ја контекстуализира, во голема мера е причина за лошото име кое понекогаш го носи христијанската мисија. Мисиолошкото дело честопати одело рака под рака со колонијализмот.

Позитивно гледајќи, контекстуализацијата значи на луѓето да им се дозволи за себе да одлучат каков облик ќе има христијанската заедница во нивната култура. Единството во Христа не бара секогаш и униформираност во стилот на христијанскиот живот. Постои голема разновидност од една до друга култура во самите ставови на црквата, кога се во прашање верската музика, начинот на облекување, а многу често и самиот начин на богослужение. Понекогаш тие разлики можат да се огледаат во ставовите како што е улогата на жената во службата, полигамијата и т.н.

Библијата дава цврста основа за контекстуализација на мисиолошките активности. Доктрината за отелотворувањето го изнесува најзначајното начело. За да им ја пренесе на луѓето Божјата љубов, Синот зел на себе човечка природа. Слично на тоа, и на мисиолошката активност на црквата ѝ е потребно слично отелотворување. Христијанската заедница мора да поприми културни облици кои одговараат на различните народи на светот. Во спрове-

дувањето на еден таков облик на работа потребно е да се пронајде потпора во Библијата, односно во примерот на Исуса Христа.

Прво, нашиот Господ се „мешал“ меѓу световните луѓе. Тој слушал и посматрал. Се запознавал со нивните обичаи, навики и култура. Собирал сознанија за нивните интимни размислувања и чувства за музиката, уметноста и литературата што ја создавале. Тоа го правел секогаш со својот препознатлив став - „како оној што им посакува добро“, сочувствителен и полн со разбирање.

За објавување на евангелието потребно е да знаеме две работи. Најнапред мора да го познаваме евангелието и во својот живот лично да го искусиме, а треба да ги познаваме и оние на кои евангелието им е потребно.

Нашите напори ќе бидат далеку поуспешни ако имаме пресек на информации за слушателите на кои сакаме да им сведочиме. Треба да се сконцентрираме на состојбата на оние луѓе кои не припаѓаат на ниту една црква, а нивниот број расте, и исто така, и на луѓето свртени кон црквата чијшто број опаѓа.

Нашата лична служба далеку повеќе ќе потсетува на Христовата служба ако одвоиме време за подобро да го запознаеме лицето на кое сакаме да му го претставиме Христа (неговата работа, семејството, потребите, проблемите, интересирањата, потеклото).

Второ, нашиот Спасител им помагал на луѓето практично. Пораката за Божјата љубов ја проповедал со истиот жар со кој проповедал и за царството кое треба да дојде. Поголемиот дел од времето Христос го поминувал во лечење, отколку во проповедање. Им служел на потребите на луѓето. Она што го зборуваме треба и практично да го покажеме.

За секое библиско проучување, семинар, радио или ТВ-емисија и работа со литературата нам ни е потребен подеднаков број центри за давање помош на луѓето надвор од црквата, центри за семеен живот, подвижни или статични медицински амбуланти и простории за згрижување на бездомници. Нашата вест нема да биде веродостојна доколку нема видлив доказ за квалитетот на новиот живот во Христа, нови односи во Христовото тело, грижа и пожртвувана служба, со многу љубов кон оние на кои им е потреб-

на нашата помош.

Трето, Исус ја задобивал довербата на луѓето како поединци. Тој не се вклучувал само формално во некоја безлична програма. Во Неговата служба тој не го гледал личниот интерес, ниту мислел на својата лична полза, а и Неговата љубов кон оние на кои им служел била целосна. Ние мора да научиме како да ги градиме индивидуалните односи, вклучувајќи се во службите за давање социјална помош, како и во рамките на активностите насочени кон правење добро на другите луѓе. Ние мора да ги надминеме барикадите што ги поставило општеството меѓу луѓето и да формираме односи во кои оние што нè опкружуваат ќе знаат дека ние се грижиме за нив остварувајќи несебични, понизни и трпеливи пријателства.

Четврто, Тој ги повикал: „Ајде по мене.“ Откако Исус на дело ја покажал вистината за својата љубов кон нив, тие ја прифатиле и покажале дека ја разбрале на тој начин што му укажале доверба. Дури тогаш Тој барал од нив да признаат дека се грешни и да ја прифатат неговата спасоносна милост, а исто така и да ги почитуваат неговите заповеди. Не бил нетрпелив и не избрзувал со оние важни вистини што човекот го упатуваат директно на Бога како Господ! Напротив, трпеливо чекал да настапи вистинскиот момент кога тие вистини ќе бидат прифатени.

**Заклучок**

Ние мораме да го следиме неговиот пример. Да не заборавиме: „Само Христовата метода ќе донесе вистински успех во начинот на кој им пристапуваме на луѓето.“ Ние мора да ја совладаме вештината правилно да го процениме моментот кога, како и што треба да правиме, и да ја стекнеме Христовата флексибилност, која го прави најголем во задобивањето на душите. Мора да научиме како и кога треба во своите постапки да се сосредоточиме на евангелието. Освен тоа, мора да научиме и како и кога треба да го употребиме широкиот спектар медиуми и нивните можности кои ни стојат на располагање, за да дојдеме во прилика да објавиме потполна, комплетна вест која е вистински одговор на прашањата кои постојат во срцата и мислите на луѓето во сите области.

Кога еднаш ќе го достигнеме таквиот пристап на проповедање на евангелието, можеме да постигнеме успех во делото кое ни го доверил сам Христос. Кога ќе почнеме да го практикуваме Христовиот начин на живот и проповедање во нашите месни цркви, ние ќе бидеме сведоци на голема обнова.

Ваквиот вид контекстуализација бара целосна преданост во службата за другите. Понекогаш, мислејќи дека сме ја надминале формата, ние навлекуваме во црквата уште поголема форма, а не размислуваме за тоа дека на црквата, всушност, ѝ треба претходна духовна контекстуализација. Денес ние размислуваме само за еден дел од она што подразбира една духовна обнова. За да може црквата успешно да ја спроведе контекстуализацијата многу е важна одлуката, и јасно поставената цел. Целта никако не би требало да има глобален карактер. Секоја урбана средина треба да изгради своја сопствена стратегија, односно план за спроведување на контекстуализација. Во спротивно, црквата ќе се најде во истиот проблем  и може да ја промаши целта. Целта е да им се објави радосната вест на сите луѓе и да биде Христоцентрична, а не сосредоточена на човекот, зашто тоа претставува една од стапиците во спроведувањето на контекстуализацијата.

*Сабота, 3 февруари 2018*

## НАДЕЖ ЗА БОЛНИТЕ, „РАНЕТИТЕ“ И ЗА ОНИЕ ШТО СТРАДААТ

На овој свет постојат толку многу луѓе коишто се „ранети“ на различни начини. Понекогаш некоја болест, здравствени проблеми, онеспособеност..., се наоѓаат надвор од рамките на медицинското познавање. И луѓето се прашуваат - „Зошто?“ Зошто сум болен? Зошто чувствувам немоќ? Зошто имам болки? Зошто мора да го трпам ова страдање? Зошто мене ме стигна оваа несреќа?

Каде да лежи причината за тоа, и дали има надеж за оние што се болни, „ранети“, и оние што страдаат?

**Причина за болестите и страдањата**

Пред појавата на злото, во вселената владееле хармонија и радост. Пред падот, Луцифер бил ангел засолнувач, чист и свет. Во оној момент кога во неговото срце се појавила зависта си го поставил прашањето: „Зошто мора сета слава да му припаѓа на Создателот?“ Сите свои намери и самиот себеси се ставил во борба против Оној што ја создал целата вселена па и самиот Луцифер. Всушност Луцифер, светлоносец, оној што имал пристап до Божјиот престол, со својот став станал Божји непријател, сатана. Тој сакал Божјите созданија да го занемарат Божјиот закон. Истакнувал дека потполна слобода може да се има и надвор од рамките на законот. И Бог дозволил Луцифер да ја покаже природата на своите намери и на дело да ги покаже ефектите на беззаконието.

Во својата љубов Бог ја создал и нашата планета и вдахнува живот на неа. Бидејќи на земјата почнале да врват животни и билниот свет почнува да се развива, како круна на сè Бог го создал човекот. Според својот лик го создал да биде совршен во сè. Лицето на човекот светело од радост и животна енергија што му ја дарил самиот Творец. Бог го дарувал човекот и со совршен ум; да биде слободен но и одговорен за своите одлуки и постапки. На првите луѓе, како и нам денес, Бог ни дал слобода на избор - слобода да прифатиме или да одбиеме да му бидеме послушни на својот Творец.

„И му заповеда Господ Бог на човекот и рече: Од секое дрво во градината можеш слободно да јадеш, освен од дрвото за познавање на доброто и злото, од него не јади, зашто во оној ден кога ќе вкусиш од него ќе умреш“ (1. Мојсеева 2,16.17).

Од една страна, Бог му посакува на човекот само добро, а од друга страна сатаната одлучил да го зароби умот на човекот. Тој го искористил моментот кога Ева се нашла сама и ѝ се обратил со зборовите:

„Туку знае Бог дека во оној ден кога ќе вкусите од него, ќе ви се отворат очите, па ќе станете како богови и ќе знаете што е добро а што зло“ (1. Мојсеева 3,5).

Нивните очи навистина се отвориле, меѓутоа колку било тажно она што го виделе. Сè што дознале било сознанието дека пос-

тои грев и зло. И тогаш навлегле распадливоста и смртта во сè што било толку прекрасно создадено. Сатаната, како причинител на гревот, се радува кога гледа како страда човечкото семејство, како трпи болки и паѓа сè подлабоко во својата безнадежност.

**Надеж**

Исус Христос дошол на овој свет да му донесе спасение на паднатиот човечки род и да биде слуга во неговите потреби.

„За да се исполни кажаното преку пророкот Исаија, кој вели: Тој ги зеде нашите немошти и ги понесе нашите болести“ (Матеј 8,17).

Исус дошол да го плати откупот од гревот и смртта за паднатиот човек. Дошол да ја отстрани секоја болест и зло. Негова желба била да му овозможи на човекот комплетна обнова на неговото суштество. Дошол да му даде здравје, душевен мир, и совршен карактер.

Никој што дошол кај Исуса не заминал од него а неговите потреби да не биле задоволени. Од него течела исцелителна сила која ги одржува во хармонија физичките, умните и духовните сили на човекот.

Во секој град или село, низ кои поминувал, Тој ги положувал своите раце врз болните што доаѓале кај него со доверба и ги исцелувал. Каде и да имало спремни срца да ја примат неговата наука, Тој им зборувал за она што било најважно за луѓето - а тоа е вистината дека нашиот небесен Татко безмерно нè љуби.

Неговата исцелителна сила не гледа на тоа каква класификација прават луѓето меѓу себе. Неговиот дар на милост и љубов е неограничен како воздухот или светлината. Каде и да се појавувал, таму се чувствувала плимата на неговата милост која ги надминувала човечките потреби. Онаму каде што поминувал, повеќето од оние што ги излечил го славеле новоткриениот извор на сила и му заблагодарувале што ги исцелувал. Неговиот глас бил првиот звук што мнозина го слушнале за прв пат во својот живот. Неговото име за некои бил првиот збор што го проговориле. Неговиот лик бил првиот што многу слепи го виделе.

Еден ден Исус се сретнал со една болна жена која при таа сред-

ба имала само една желба за која никој не знаел.

„Зашто си велеше во себеси: Само ако се допрам до неговата облека, ќе оздравам“ (Матеј 9,21).

„Му пристапи одзади и се допре до работ од неговата наметка и веднаш прекрати крвавењето. И Исус рече: Кој ме допре?“ (Лука 8,44.45).

Христос не го поставил ова прашање само за да добие информација. Тој сакал да ги вдахне со вера оние кои имале проблеми да му веруваат. Сакал да им покаже дека ВЕРАТА е врска меѓу болниот и дародавецот на животот.

Мнозина кои се обраќале до Христа барајќи помош, доаѓале со разни симптоми на болест. Не постои извештај дека некого одбил. Меѓу оние кои барале помош од Исуса бил и фатениот од Капернаум. Овој човек боледувал од парализа и изгубил секоја надеж за исцелување (Марко 2,1-12). Неговата болест била резултат на неговиот грешен живот. Неговото страдање се зголемувало со секој сочувствителен поглед кој му го упатувале оние што минувале крај него. Се обраќал до фарисеите и лекарите барајќи лек за својата болест, очекувајќи исцелување. Тие го прогласиле за неизлечив, го обележиле како грешник кој ќе умре заради Божјиот гнев.

Тој чул за Исуса. Чул дека и други биле грешни и безнадежни како него и дека биле излечени. Се охрабрил и почнал да верува дека и тој може да биде излечен, само ако го однесат кај Спасителот.

Тогаш се сетил што му кажале за причината за неговата болест. Надежта почнала да исчезнува. Како можел само да помисли дека ќе биде излечен? Меѓутоа, негова силна желба била да се ослободи од последиците на својот грев. Сакал да го види Исуса и да прими ветување дека неговите гревови се простени, а со тоа да го прими посакуваниот небесен мир. И тогаш ги слушнал зборовите кои му се чинеле како најпрекрасна мелодија: „...Не бој се, синко, ти се простуваат твоите гревови“ (Матеј 9,2).

Во неговото срце повторно се родила надеж и наместо разочарување добил изобилна радост со посакуваниот мир. Физичката болка исчезнала и целото негово битие се променило. Не барајќи

повеќе ништо, лежел пресреќен и упатени зборови одѕвонувале во неговиот ум.

Меѓутоа, фарисеите, плашејќи се дека ќе го изгубат своето влијание кај народот, си рекле во своите срца:

„А некои од закониците седеа таму и размислуваат во своите рца: 'Што зборува Овој вака? Тој хули! Кој може да проштава гревови освен самиот Бог?'" (Марко 2,6.7)

Исус им одговорил:

„И Исус веднаш штом созна со својот Дух дека тие размислуваат така во себе, им рече: Зошто размислувате така во своите срца? Што е полесно да му се рече на парализираниот: Ти се простуваат гревовите, или да му се рече: Стани и земи ја својата постела и оди! Туку да знаете дека Синот човеков има власт да проштава гревови на земјата! Потоа му рече на парализираниот: Стани, земи си ја постелата и оди си дома! И тој стана и си отиде дома. А народот кога го виде тоа, се восхити и го прослави Бога" (Матеј 9,4-6).

Парализираниот човек нашол во Исуса исцелување како на својата душа така и на своето тело. Неговото срце имало потреба најнапред да биде исцелен духот пред да ја почувсвтува благодатта на исцеленото тело.

Пред да нè ослободи од физичките страдања и болести, Христос мора да го очисти нашиот ум и да ја ослободи нашата душа од гревот.

**Лажно исцелување**

На целиот свет му треба исцелување. Луѓето сакаат да бидат здрави. Наспроти таа желба никогаш како денес нашето здравје, па и самиот живот, не биле во толкава опасности од влијанијата на различните фактори на ризик кои директно или индиректно го оштетуваат нашето здравје. Токсичните супстанции во храната, во водата и во воздухот, различните стресни ситуации поради политичките, социјалните или економските проблеми, појавата на нови болести чијашто причина не може да се открие и кои му се спротивставуваат на знаењето на лекарите, ја водат човечката популација на работ на безнадежноста. Сите овие фактори заедно

влијаат луѓето да се чувствуваат беспомошни да сторат што било во врска со тоа. Токму во една ваква ситуација се крие опасност. Сатаната кој е зачетник на сето зло на оваа планета, нуди методи за ублажување или потполно отстранување на страдањата. Оној кој смислил како да нè одвои од Бога и во потполност да го зароби нашиот ум, ни нуди решение! Сам Исус рекол што ќе се случи пред неговото доаѓање.

„Зашто ќе се појават лажни Христоси и лажни пророци, и ќе прават големи знаци и чуда, за да ги заведат ако е можно и избраните“ (Матеј 24,24).

Овие таканаречени чуда ќе бидат слични на божественото исцелување. Сатаната ќе направи луѓето да се разболат под негово влијание, а потоа ќе го повлече тоа влијание и ќе рече дека се излечени со некое чудо.

Како да се препознае што е тоа вистина а што лага?

Види: Исаија 8,20; Јован 15,10; 1. Јованово 2,4.

Вистината мора да се испита и да се чува. Сите доктрини и ставови мора да се испитаат, да се споредат и да се потврдат со ставовите на Светото писмо и Духот на пророштвото. Сè она што е во спротивност со Светото писмо е погрешно, иако може да се стекне впечаток дека е вистинско.

Во книгата Откровение ни се дава опис на лагите на сатаната во последните денови: Откровение 13,13.14.

Како врв на големата драма на сатанските лаги, сатаната лично ќе го имитира самиот Христос, исцелувајќи болни луѓе. Истовремено ќе претставува нова, возбудлива религија, но тој ќе го прави сето тоа како оној кој разорува и уништува, водејќи мноштво луѓе во пропаст.

Ако не ја цениме Божјата вистина, лесно можеме да се најдеме меѓу оние кои ќе ги видат и ќе им веруваат на чудата што ќе ги прави сатаната во последните денови

**Вистинско исцелување**

Рацете на нашиот Создател и денес се подготвени да ни помогнат со својата исцелителна сила да се излечиме од нашите болести и

нашето физичко тело да се обнови. Христос сака да ги излечи болните исто како во времето кога бил на нашата земја.

Колку е важно човекот кој страда од некоја болест или го мачи некоја неволја, да се сврти кон својот Создател? Кога силата слабее, човекот чувствува потреба од божествена помош. И никогаш нашиот милостив Бог не го одбил искрениот повик за помош. Потребно е од наша страна да сториме нешто за да можеме да ги примиме благословите што ги подготвил Бог за нас.

1. Мора да ги познаваме и да ги држиме здравствените закони: 2. Мојсеева 15,26.

2. Гревот мора да се признае и да се остави: 1. Јованово 1,9; Јаков 5, 15. 16.

3. Треба да бидеме подготвени да го прифатиме Божјиот одговор на нашата молитва: Римјаните 8,26.

Божјиот одговор може да биде:
ДА - како во случајот на Неман - 2. Царевите 20,1-6.
НЕ - како во случајот на апостол Павле - 2. Коринќаните 12,7-9 или на самиот Исус - Лука 22,42.
ЧЕКАЈ - како во случајот на Исусовиот пријател Лазар - Јован 11, 6,20,21, 41-45.

Вистинската вера е доверба во Божјата љубов и неговата одлука. Доверба дека Тој ќе го направи она што е најдобро за нас. Да очекуваме дека Тој ќе го направи токму она што ние бараме од него не е вистинска вера. Наместо да се обидуваме да влијаеме на Господа да го направи она што сме го замислиле ние, треба да бараме да ја дознаеме неговата волја за нас. Нашите желби треба да бидат во хармонија со неговите планови за нас. Единствена права одлука е сите свои желби да му ги предадеме на нашиот сезнаен небесен Татко. Тогаш нему му препуштаме да најде решение за нашиот здравствен или кој било друг проблем. Бог ги слуша нашите молитви и секогаш одговара на нив. Биди спремен да го прифатиш одговорот кој може да биде: ДА, НЕ или ЧЕКАЈ.

*Сабота, 3 март 2018*

## НИЕ ГО НАЈДОВМЕ МЕСИЈА

**Јован 1,35-51.**

Еден ден подоцна, откако Исус бил крстен, Јован повторно го здогледал Исуса и повикал: „Еве го Божјото Јагне!“ Покрај него биле уште двајца ученици кои го слушнале ова сведоштво. Нивното срце се возбудило од оваа изјава и тие тргнале по Исуса. Во нив горела желба да зборуваат со Исуса и да дознаат дали е тој Месија. Исус знаел дека тие го следат. Срцето му било радосно бидејќи овие души тргнале по него. Сега Тој ги прашува дали ќе одат по него или ќе се вратат. Им го поставува прашањето: „Што барате?“ Тие само сакале да бидат крај Исуса, да ги слушаат неговите зборови. За тоа кратко време не можеле да дознаат и да го примат она што што го сакале, па го запрашале: „Учителе, каде живееш?“ На ова прашање Исус им одговорил: „Дојдете и видете!“

Што сториле учениците во тој момент?

Јован 1,39: „И така, отидоа и видоа каде живее и останаа со него оној ден, зашто беше околу десеттиот час.“

Овие луѓе не му пришле на Исуса како критичари, не се сомневале, не барале грешки во неговиот говор. Тие го почувствувале Светиот Дух преку проповедањето на Јован Крстителот, и во Исуса го препознале Месија. Учењето на Стариот завет сега им станувало сѐ појасно во светлината во која го препознале учителот.

Што направиле по оваа средба?

Што се јавило во нивното срце?

Одговорот се наоѓа во Јован 1,40.41.

Андреј сакал и на другите да им ја пренесе оваа вест.

Каде прво заминал да ја објави оваа вест?

Најблизок и најмил му бил неговиот брат, и тој отишол кај него велејќи му: „ Ние го најдовме Месија што значи Христос!“ Јован 1,42.

Кога го видел Петар, Исус веднаш го прочитал неговиот карактер, биографијата на неговиот живот, темперамент, и неговото срце полно со љубов и сочувство. Тогаш Исус му рекол: „Ти си Си-

мон, Јонин син, ти ќе се наречеш Кифа, што значи Петар (камен).“ Јован 1,45.46.

Следниот ден Исус го повикал Филипа.

Како постапил Филип кога дознал за Исуса?

Филип го повикал Натанаил, знаел дека тој се наоѓал во мноштвото кога Јован укажал дека Месија е Божјото Јагне. Отишол да го побара. Го нашол под една смоква каде тие често се молеле на Бога и ги проучувале списите и пророштвата за Месија. Натанаил се молел и размислувал за она што го кажувал Јован Крстителот. Сега го чул повикот од Филипа: „За кого пишуваа Мојсеј во законот и пророците.“ Ова било како одговор на молитвата, но сепак не бил сигурен, во неговото срце се јавила предрасуда и тој изјавил: „Може ли од Назарет да излезе нешто добро?“

Како постапил Филип? Дали се впуштил во расправа?

Тој му одговорил: „Дојди и види.“ Исус пак, на свој начин постапил кон Натанаила: Јован 1,47-51.

Тоа бил многу тактичен начин. Тој го познавал Натанаила. Тој ја познава секоја мисла на човекот, го познава човечкото срце.

Натанаил, сиот среќен, возвикнал: „Од каде ме познаваш?“ Исус сега повторно го уверува дека тој знае сè и дека Тој е оној за кого сведочи Јован (Јован 1,48).

Сега Натанаил бил уверен дека Тој е Синот Божји и потврдува со зборовите: „Учителе, ти си Божјиот Син, ти си царот на Израел.“

Како постапуваме ние денес кога слушаме за Исуса?

Дали во нас се буди топла желба и на другите да им ја објавиме радосната вест?

Духот на пророштвото вели: „Постојат многу такви на кои им е потребна служба на христијански срца полни со љубов. Мнозина пропаднале, а можеле да бидат спасени, кога нивните соседи, обични мажи и жени, би вложиле личен напор за нив. Мнозина чекаат да бидат лично ословени. В секое семејство, соседство, град, таму каде што живееме, постои работа што треба да ја свршиме како Христови мисионери“ (*Конежот на вековите,* 117).

Секој ден одиме в продавница, на пазар, патуваме, чекаме во

ред, во болница, во пошта, на железничка станица...

Како постапуваме во таквите моменти?

Дали на некои наши соговорници сме им кажале како Филип: „Ние го најдовме Месија, дојди и види". Во нашето семејство на своите деца, на сопружникот или братот... дали сме им ја соопштиле радосната вест: „Ние го најдовме Месија."

Сите што сакаат да донесат плод како Христови соработници, мора да ги знаат овие два закона кои ги истакнува Духот на пророштвото:

1. „Законот на самопожртвуваноста е закон на самоодржување."

2. „Законот на себичноста, е закон на самоуништување."

Исус им пристапува на луѓето на многу тактичен начин. Да видиме како го прави тоа. По него одат Јован и Андреј и го прашуваат:

„Кога ги чуја од него тие зборови, обата ученика тргнаа по Исуса. Исус се заврти и, кога виде дека идат по Него, ги праша: '„Што барате?' Тие Му одговорија: 'Рави (што значи учител) каде живееш?'"

А што им вели тој? „Дојдете и видете."

Малку потоа Тој му вели на Филипа: „Дојди по мене."

Потоа му вели на Натанаила: „Еве, вистински Израелец, во кого нема лукавство."

Зар луѓето не прашуваат често за нашето верување, за нашиот живот, за Бога?

Какви се нашите одговори?

Зошто да не одговориме и ние како Исус: „Дојдете и видете" (Јован 1,39; Матеј 11,28.29).

Можеби е потребно некому да кажеме: „Ти си вистински Израелац во кого нема лукавство, тебе Бог те повикува, ајде да го запознаеш, тој нè чека со раширени раце и со топло добредојде„.

Илустрација: Некој болен човек, скоро на умирање, го повикал проповедникот да му соопшти нешто. Тој одговорил на повикот, дошол кај болниот и почнал да ја слуша приказната. „Вие совршено ми ја објаснивте пораката. Јас веднаш ја разбрав вистината. Многу ме одушевивте со вашето размислување."

„Мило ми е“ - потврдувал проповедникот. Болниот човек продолжил да раскажува: „Не бидете одушевен пред да ви кажам сѐ. По богослужението, вие се враќавте дома со група луѓе во која што бев и јас. Надвор од црквата вие зборувавте сосем поинаку. Тоа беа лекомислени зборови и кога го слушнав тоа, не сакав повеќе да одам во ниту една црква. Вие ќе бидете виновни за мене ако не се спасам.“

Како се чувствувал овој проповедник?

Ние секогаш и на секое место сме сведоци за Христа. Нашите постапки секогаш мора да сведочат во прилог на нашата вера. Христијаните не треба да глумат. Еден човек што давал крв, рекол: „Давам крв секогаш, во секое време.“

Вечното евангелие е крвта на Исуса Христа, која треба несебично да биде дарувана секому и во секое време. Затоа, со сите со кои стапуваме во контакт, тактично и мудро да им кажеме: „Ние го најдовме Месија, дојдете и видете.“

Градиво за саботна школа
МИСИОНСКИ ПРОПОВЕДИ 1/2018

Излегува тримесечно

Издава:
Одделение за саботна школа
Христијанска адвентистичка
црква во Р. Македонија

Подготвил: Мелита Томовска

Одговара: Томе Трајков

За интерна употреба